Уп. бр. 08-82

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 19 и член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по Известувањето за концентрација поднесено од Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В., Холандија, со регистрирано седиште на Де ентерее (De entrée 91), 1101 БХ Амстердам, Холандија, доставено преку адвокат Јасмина Илиева Јовановиќ, од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска, на седница одржана на ден 27.10.2018 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата со која **Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В. (GeneraliCEE Holding B.V.)**, со регистрирано седиште на Де ентерее (De entrée 91), 1101 БХ Амстердам, Холандија, ќе стекне единствена контрола над **Унион Инвестмент Товарзиство Фундусзи Инвестицијнич Сполка Акцијна (Union Investment Towarzystwo Funduszy Inwestycyjnych Spółka Akcyjna)** со регистрирано седиште на адреса ул. Полна 11 (ul. Polnanr.11), 00-633 Варшава, Полска, преку купопродажба на акции, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 06.11.2018 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата **Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В. (GeneraliCEE Holding B.V.)**, со регистрирано седиште на Де ентерее (De entrée 91), 1101 БХ Амстердам, Холандија, доставиизвестување за концентрација со која **Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В.** Холандија, ќе стекне единствена контрола над **Унион Инвестмент**

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**Товарзиство Фундусзи Инвестицијнич Сполка Акцијна (Union Investment Towarzystwo Funduszy Inwestycyjnych Spółka Akcyjna)** со регистрирано седиште на адреса ул. Полна 11 (ul. Polnanr.11), 00-633 Варшава, Полска, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В.** е холдинг компанија, што ги контролира компаниите што припаѓаат на Генерали Групацијата што се активни во Централна и Источна Европа. Краен сопственик на Генерали Групацијата и единствен акционер на Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В. е Асикурациони Генерали С.п.А. (AssicurazioniGeneraliS.p.A.), акционерско друштво, со седиште на Плоштад Дука дељи Абруци 2 (Piazza DucaDegli Abruzzi 2), ТС 34132, Трст, Италија. Генерали Групацијата е глобален играч во осигурителниот бизнис и активна во бизнисот со управување со средства.
Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В. во моментот нема регистрирано зависно друштво или било какво друго корпоративно присуство во Македонија.

Во тек е трансакција во која Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В. стекнува единствена контрола врз **Адриатик Словеника Заваровална дружба д.д.**, со седиште на Љубљанска цеста 3А, 6000 Копер, Словенија, кое е присутно на македонскиот пазар на управување со инвестициски фондови индиректно, преку негово зависно друштво **КД Фондови АД Скопје**, со адреса на Бул. Партизански Одреди 14А/1-2, 1000 Скопје, активно во сегментотна управување со инвестициски фондови. За стекнувањето на контрола врз Адриатик Словеника, и на тој начин, индиректно контрола врз КД Фондови од страна на Генерали веќе е поднесено известување за концентрација до Комисијата за заштита на конкуренција и Комисијата истата ја одобри со Решение бр. 08-52 од 16.07.2018.

**Унион Инвестмент Товарзиство Фундусзи Инвестицијнич Сполка Акцијна** е полско друштво за управување со фондови, дел од Глобал Унион Инвестмент Групацијата, која е активна во бизнисот со управување со инвестициони фондови. Унион Инвестмент нема регистрирано корпоративно присуство во Република Македонија, ниту пак има каков било приход генериран на кој било македонски пазар.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став(1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за увердување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Д-р Владимир Наумовски**